


**ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

Славата и честа на Пресветата Дева Марија во Македонја се големи. Слично како во целиот христијански свет, култот на Светата Марија особено се негува во Преспанскиот регион. Култот е претставен во македонската средновековната литература, во традициите и фолклорот. Историајта на уметноста има важна улога во културните достигнувања, а некои од македонските икони и фрески се вклучени во светското наследство.

Инаку, Според верувањата на христијаните Богородица била мајка на Исус Христос и сопруга на Јосиф. Марија е позната ѝ како Дева Марија, Светата Мајка, Мадона, Блажена Марија. Во православието и католицизмот таа е најпочитуваната светица, а во исламот е една од трите совршени жени.

Бидејќи манастирот „*Света Мала Богородица*“ изобилува со богати фрески, икони, резби, архитектура, интересни случувања и друго, во последните години тој е предизвик за бројни научници, патеписци и други заинтересирани кои посветуваат големо внимание на науката, литературата и воопшто на црковното и културното живеење на Долна Преспа и пошироко на Македонија.

Затоа и монографијата „*Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Слимничка во Преспа”* чиј автори се д-р Вера Стојчевска-Антиќ и публицистот Славе Николовски-Катин е посветена на дел од вистината за Дева Марија. Книгата е содржински богата во однос на култот на Дева Марија проследен со текстови од многу

книги посветени на нејзиниот живот. Оваа значајна и по многу нешта единствено дело е исто така посветено на Пресветата Дева Марија и на Слимничкиот манастир изграден во 1607 година, кој одбележува 410 години од своето постоење.

Во воведот се вели дека книгата претставува обид да се осветли култот, славата и честа на Мајката на Исус Христос во светот и во Македонија, особено во манастирот Св. Богородица Слимничка во селото Сливница во Преспа. Таа го претставува нејзиниот лик кој е интензивно насликан на бројни икони и фрески во македонските цркви и манастири, како и пишани текстови поврзани со неа во бројни староцрковни книги.



*Манастирот „Св. Мала Богородица“ во сливница*

Во целиот свет доминараат светилишта посветени на Дева Марија кои го величат нејзиниот култ. Меѓу нив се црквите „*Света Катерина Лабур*“ во Париз, „*Света Фатима*“ во Португалија, „*Света Гарабандал“* во Шпанија и други. Слични визии се забележани и во манастирот „*Св. Богородица Слимничка“* од страна на локалното население во селото Сливница.

Монографијата „*Ореолот на Дева Марија и Св. Богородица Слимничка во Преспа”* на Проф. д-р. Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски-Катин е издание на Книгоиздателството „Македонска искра” од Скопје, 2007, 1-164. Тоа е публицистичко дело за манастирот и за Преспа како целина, а првпат беше промовирано на Велигден во црквата „*Св. Кирил и Методиј“* во Ресен на 10 април 2007 година.

Во книгата е даден хронолошкиот развој на култут на Божјата Мајка почнувајќи од нејзиното раѓање па сé до денес. Овој дел го прикажува животниот пат на Пресветата Дева марија преку евангелија и текстови од Новиот Завет, какои преку делата на уметници и анонимни автори, преку легенди и митови, преку апокрифи. Посебен дел е посветен на македонските народни песни во кои Светата Дева Марија се величи, а прикажан е и список на цркви во Република Македонија кои го носат името на Пресветата Божја Мајка.

Во воведот се вели дека делот насловен „*Текстови за Пресветата Дева”* ја прикажува хронологијата на нејзиното раѓање, како и на сето тоа што претходело и следело. Прикажани се најважните датуми во христијанството, како 8 септември – нејзиното раѓање; 21 ноември – нејзиново воведување во Храмот; 25 март – Благовестие; 25 декември – раѓањето на Исус Христос и 15 август – нејзиното Успение.

Исто така, апокрифни текстови посветени на голготата на Пресветата Марија, дел од средновековната религиозна поезија и неколку молитви се дадени во овој дел. Книгата исто така нуди и приказ на македонското народно творештво посветено на Пресветата Мајка на Исус Христа, односно текстови од македонски збирки на стари народни песни и обичаи, од фолклорното богатство и убавините на Македонија преку легенци и митови.

Бидејќи Сливничкито манастир се наоѓа во Преспа, авторите В.Антиќ и С. Катин даваат живописен опис на овој регион, нагласувајќи го неговото значење за црковните активности на Македонија во минатото, како и денес. Читателите ќе се запознаат со Преспа како главен град на македонјското царство на Цар Самуил; потоа со Препа како место на кое се формирала првата Македонска архиепископија; со Преспа како регион во кој многу Илинденци биле организирани, а чиј дух бил присутен и во текот на НОБ. Исто така, се прикажани бројни патеписи за Преспанскиот регион, за Република Македонија, Грција и за Албанија.

Посебен дел во книгата е посветен на селото Сливница и на величенствениот манастир Пресвета Богородица Слимничка. Живописниот опис на ова село, со своите пет цркви и манастари, едноставно го одзема здивот. Како Слимничкиот манастир да оживува и ги поканува ненајавените и добронамерните гости да го посетат. Делот што изобилува со легенди и митови само го потврдува значењето и важноста на култот на Пресветата Дева Марија во Македонија бидејќи таа е сакана и величена – и поради тоа е видена, а нејзините дела почувствувани. Дадени се искажувања и описи на локалните жители кои

лично го доживеале присуството на Пресветата Марија како потврда на она што е горе наведено

Сливница, како и други македонски села, името му го должи на овошјето. Така, етимологијата на името Сливница потекнува од зборот - слива. Старите жители на селото раскажуваат дека на ова место некогаш имало многу сливи од разни сорти од кои селаните вареле многу вкусна ракија - сливовица. Исто така, Сливница е прочуено и по добриот асортиман на грозје, но сливите порано доминирале и така, поради многуте насади од сливи, луѓето населбата ја нарекле Сливница.

Кога ќе се пристигне во Долна Преспа, прво село е Сливница. Тоа е лоцирано на падините на ридот кој се извишува над источниот брег на Преспанското Езеро, на територијата на Општина Ресен. Сливница е ридско село, кое се издига на надморска височина над 900 метри, чиј атар високо се издига од езерото и се граничи со ртот на планината Баба, зафаќајќи простор од околу 10 километри квадратни.

Во Сливница живее исклучително македонско население. Населбата е малечка, но заедно со викенд населбата на атарот на Сливница и Претор е една од најголемите и најзначајните туристички населби на Преспанското Езеро. За жал, многу од нејзините жители се иселиле во Австралија, Америка, Канада, по европските земји, како и низ градовите на Македонија, така што бројноста на населението постепено се намалува. Но, иселениците одвреме-навреме, особено во летниот период, си го посетуваат селото, кое е привлечно за живеење и одмор.

Селото Сливница е едно од постарите и попознатите села во Преспа, со долга и вековна историска традиција на постоење. Во доцниот среден век на крајот на XVI и почетокот на XVII век во 1607 година над селото бил изграден познатиот Сливничкиот манастир посветен на Пресвета Богородица.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**